ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2023 ГОДИНА НА
# ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

01 2024 05 02/1

Скопје, август 2024 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основен граѓански суд Скопје за 2023 година на сметката на основниот буџет (603).

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2023 година и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Извршена е ревизија за 2005 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) во кој е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на прикажаните состојби во финансиските извештаи, како и за усогласеност со закони и прописи.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност на Основен граѓански суд Скопје, сметка на основен буџет (603) за 2023 година, утврдено е следното:

- отсуство на веродостојни, вистинити и уредени сметководствени документи за потврда на набавната вредност на зградата во која е сместен судот, како и недвижни ствари кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на судот поради неизвршено примопредавање на истите;
- не е обезбедена поткрепувачка документација за извршен физички попис
- со Правилникот за систематизација на работните места во Основен граѓански суд не е предвидено одделение за внатрешна ревизија и
- не е донесена процедура за движење на документацијата како и систем за следење и контрола на сметководствената документација со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување на прашања обелоденети се состојби кои се однесуваат за:

- судски постапки што се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, поради што постои неизвесност за финансиските импликации на буџетот на Основен граѓански суд Скопје во иднина;

- Основниот граѓански суд Скопје има зголемување на бројот на нерешени судски предмети од претходна година, новопримени предмети, решени предмети како и останати нерешени предмети на крај на годината;
- Министерството за правда во месец ноември 2020 година донело обрасци за оценување на судски службеник, но истите не се однесуваат и на судската полиција. Исто така поради неусогласеност на актите со Законот за судска служба, оценувањето на судскиот администратор од страна на претседателот на судот не се спроведува;
- поради недоволен број на вработени во судската полиција во текот на 2023 година, за (7) лица, исплатени се часови за прекувремена работа со што е надминат предвидениот максимум од 190 часа годишно, односно исплатени се 318 часа повеќе за прекувремена работа.

Во делот на Останати прашања истакнуваме одредени системски слабости кои се однесуваат на:

– отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените во судовите кои вршат технички и помошни работи и
– средствата кои се издвојуваат од Буџетот за 2023 година за финансирање на Судската власт не го достигнуваат законски утврдениот процент од 0.8% од бруто домашниот производ на Буџетот на Република Северна Македонија, односно одобрените средства во износ од 2.690.800 илјади денари претставуваат 0,3% од БДП и истите се за 58% помали од законски утврдениот лимит.

Од страна на одговорното лице на Основен граѓански суд Скопје не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.28-118/8 од 18.07.2024 година за сметката на основен буџет (603).

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи | 2 |
| 3.2. Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи | 5 |
| 4. Нагласување на прашања | 5 |
| 5. Останати прашања | 9 |
| 6. Законска основа за ревизијата и временски период | 10 |
| 7. Опфат и ограничувања | 11 |
| 8. Одговорност за финансиски извештаи | 11 |
| 9. Одговорност на ревизорите | 11 |
| 10. Недостатоци во внатрешната контрола | 13 |
| 11. Одговор на ревидираниот субјект | 14 |
| Финансиски извештаи за 2023 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 15 |
| Биланс на состојба | 16 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 17 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 18 |
| Сметководствени политики | 20 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 22 |

Број: 28-118/13
Дата: 30.08.2024

## 1. Вовед

Во согласност со Закон за судови[1], Основниот суд Скопје II Скопје е граѓански суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на Град Скопје од април 2007 година.

Основниот суд Скопје II Скопје со Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите - Службен весник на РСМ, бр.96 од 17.05.2019 година е преименуван во Основен граѓански суд Скопје.

Според член 32 став 4 од Законот за судови[2] Основниот граѓански суд Скопје е граѓански суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на Град Скопје, односно за подрачјето на следниве општини (Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново).

Во согласност со член 30, 31 и 32 од Законот за судови, како и другите важечки прописи, Основниот граѓански суд Скопје е надлежен да одлучува во прв степен во граѓански спорови.

Со судот раководи Претседател на Основниот граѓански суд Скопје, избран со Одлука на Судскиот совет на РСМ бр. 09-2190/1 од 08.11.2023 година. Истиот ја организира работата и презема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во судот. Во негово отсуство и спреченост го заменува Заменик на Претседател на судот.

---

[1]Службен весник на РМ“ бр.58/06 од 11.05.2006 година
[2]Закон за судовите -„Службен весник на РМ“ број 58/06 од 11.05.2006 година, 35/08 од 14.03.2008 година, 150/10 од 18.11.2010 година , 83/18 од 08.05.2018 година, 198/18 од 31.10.2018 година и „Службен весник на РСМ“ број 96 од 17.05.2019 година

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна од 15 до 17 на Основен граѓански суд Скопје, на сметката на основен буџет (603), за 2023 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Основен граѓански суд Скопје за 2023 година на сметката на основен буџет (603), со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 3.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Основен граѓански суд Скопје на ден 31 декември 2023 година, на сметката на основен буџет (603), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Основен граѓански суд Скопје, за 2023 година, на сметката на основен буџет (603), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи

3.1.1. Со извршениот увид во сметководствената евиденција на позицијата градежни објекти ревизијата го утврди следното:

- Основниот Граѓански суд Скопје, до ревизијата не достави соодветна документација со која ќе се потврди евидентираната набавна вредност на зградата во која е сместен судот. Имено зградата е доделена со Решение[3] од Министерството за правда од 28.02.2000 година во кое е наведена набавната вредност на зградата, но не и во Одлуката[4] на Владата на Република Македонија од 09.08.2017 година. Според тоа податоците искажани во билансната евиденција за набавната вредност на зградата произлегуваат од решението од 28.02.2000 година односно истите се историски податоци, наследени од деловните книги кои се воделе во претходни години. Оваа состојба влијание на реално и објективно прикажување на позицијата градежни објекти во билансот на состојба на ден 31 декември;

- недвижните ствари доделени на трајно користење со Одлука[5][6] на Влада на Република Северна Македонија од 09.08.2017 година, а наведени во имотен лист не се усогласени со адресните податоци на кои е сместен Основниот граѓански суд Скопје и

- со Одлука на Владата[7], на Основен Граѓански суд Скопје му се даваат на трајно користење без надомест деловни простории со површина од 352,50 м$^2$, на улица „Гоце Делчев“ бр. 18 Скопје (зградата на МТВ). Иако согласно Одлуката е утврден рок од осум (8) дена за примопредање на недвижните ствари, истото не е спроведено, а недвижнините ствари не се внесени во сметководствената евиденција на судот.

Отсуството на документација со која ќе се потврди евидентираната набавна вредност на зградата во која е сместен судот, неевидентирање на доделените деловни простории, не е во согласност со членовите 12 и 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници поради што ревизијата не беше во можност да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните податоци на позицијата градежни објекти во целост.
Во тек на ревизијата од страна на Основниот граѓански суд беа преземени активности, односно испратено е барање за корекција на имотниот лист до Државно правобранителство на Република Северна Македонија, на кое барање Државното правобранителство доставило одговор во кој е наведено дека корекцијата на адресата треба да ја изврши изготвувачот на Одлуката[8] за давање користење на

---

[3] Решение од МТВ бр.07-620/1 од 28.02.2000 година
[4] Одлука на Влада н РСМ бр. 44.3035/1 од 09.08.2017 година
[5] ИЛ.106130, КО Центар 1,
[6] Одлука за доделување на недвижни ствари на трајно користење бр. 44.3035/1 од 09.08.2017 година
[7] Одлука на Влада на РСМ бр.41-3826/4 од 27.06.2023 година
[8] Одлука за давање користење на недвижни ствари на Основниот суд Скопје II Скопје бр.44-3035/1 од 09.08.2017 година.

недвижни ствари на Основниот суд Скопје II Скопје – денес Основен граѓански суд Скопје.
Исто така на 29.05.2024 година, испратено е известување со барање до Министерство за правда, за промена на адресата во имотниот лист. До завршувањето на ревизијата не беше доставен одговор на ова известување.

Препорака
Одговорните лица од Основен граѓански суд Скопје да преземат мерки и активности за:
- обезбедување на реални и веродостојни податоци за вредноста на зградата со која располага Основен граѓански суд;
- обезбедување на имотни листови, со адреса на податоци на која е сместен Основниот граѓански суд и
- примопредавање на недвижните ствари – доделените деловни простории и воспоставување на материјална евиденција на истите.

3.1.2. Основен граѓански суд согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот. Со увид во документацијата од извршениот попис на со состојба на ден 31.12.2023 година, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- не е обезбедена поткрепувачка документација за извршен физички попис, односно утврдување, мерење, пребројување и поблиско опишување на средствата. Со увид во пописните листи ревизијата не се увери дека податоците од сметководствената евиденција се даваат на комисијата за попис по запишувањето на фактичката состојба во пописните листи и нивното потпишување, а предвидено во член 33-а од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- не е извршен попис на нематеријалните средства со набавна вредност во износ од 113 илјади денари кои се однесуваат на сметководствен софтвер кој е целосно амортизиран и не е во употреба, што не е во согласност со член 29, став 2 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и
- дел од средствата со кои располага судот не се означени со инвентарни броеви, што не е во согласност со член 30-а од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Наведените состојби имаат влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци за постојаните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2023 година.

Препорака
Одговорното лице во Основниот граѓански суд Скопје да преземе активности за спроведување на пописот на материјалните и нематеријалните средства на начин

предвиден со законската регулатива и означување на средствата со инвентарни броеви.

## 3.2. Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со Правилникот[9] за систематизација на работните места во Основен граѓански суд не е предвидено одделение за внатрешна ревизија со систематизирани работни места, надлежни за вршење на ревизија. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од член 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола каде е уредено дека Единица за внатрешна ревизија задолжително се основа и во сите субјекти од јавниот сектор чиј просечен годишен буџет/финансиски план во последните три години го надминува износот од 50 милиони денари. Исто така напоменуваме дека од страна на Одделението за внатрешна ревизија при Судскиот Совет на Република Северна Македонија нема извршено внатрешна ревизија во Основен граѓански суд во последните 5 години. Оваа состојба предизвикува неможност Претседателот на Основен граѓански суд да се стекне со објективно уверување за остварување на целите, подобрување на работењето на судот и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот и контролата.

Препорака

Одговорното лице на Основниот граѓански суд Скопје да преземе мерки и активности за промена на Правилникот за систематизација на работните места и екипирање на одделението за внатрешна ревизија со цел подобрување на работењето на Судот и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот и контролата.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Во Основен граѓански суд Скопје, во тек се 147 (сто четириесет и седум) постапки во кои Судот се јавува како тужена страна од вработени и тоа: судии, а по основ на погрешно пресметан минат труд и основица на плата, судски службеници за додатоци на плата, како и судската полиција по основ на неисплатени додатоци на плата и барање за бонус плата за период од 2019-2023 година, во вкупен износ од 2.922 илјади денари. Дел од овие постапки се со правосилна одлука за исплата, за кои до крајот на 2023 година се исплатени

[9] Правилник за систематизација на работни места во Основен граѓански суд – Скопје, 02.СУ.БР.59/15 од 26.06.2015 година, 02.СУ.бр.88/15 од 01.12.2015 година, 02.СУ.бр.52-16 од 26.07.2016 година, 02. СУ.бр. 8/18 од 17.01.2018 година, 02. СУ.бр.9/19 од 06.02.2019 година, 02.СУ.бр.89/20 од 14.12.2020 година и СУ-02-60/21 ОД 08.07.2021 година

1.598 илјади денари, односно постапено е по 56 судски предмети со утужен износ од 974 илјади денари.

Основен граѓански суд Скопје е тужена страна по основ на надомест на штета, за која има второстепена пресуда на износ од 2.641 илјади денари, при што Основен граѓански суд Скопје е дел од групата на солидарни должници.

Исто така, истакнуваме дека во тек е судска постапка каде Основен граѓански суд Скопје е тужител. Имено, станува збор за тужба на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје за нанесена штета на деловните објекти и насилство спрема луѓе. Врз основа на истата се донесени кривични пресуди за солидарни должници во период 2014-2021 година во вкупен износ од 1.742 илјади денари, односно за Основен граѓански суд во износ од 1.560 илјади денари.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации на буџетот на Основен граѓански суд Скопје во иднина.

4.2. Врз основ на Законот за управување со движењето на предметите во судовите[10] од страна на претседателот на судот формирано е работно тело за управување со движењето на предметите во Основниот граѓански суд Скопје. Работното тело има изготвено Годишен план за управување со движење на предметите и спречување на застојот на движењето на предметите[11] и внатрешни процедури[12] при управување со движењето на предметите.

Со примена на планот и внатрешните процедури на Основниот граѓански суд Скопје треба да се донесат мерки за спречување на застој во движењето на судските предмети и создавање на заостаток на нерешени судски предмети и појава на стари предмети.

Ревизијата изврши анализа на бројот на нерешени предмети[13] од претходни години, ново примени, решени и останати нерешени судски предмети за периодот 2021-2023 година, прикажани во следната табела.

| Опис | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Нерешени предмети од претходна година | 15.196 | 15.191 | 17.990 |
| Ново примени предмети | 38.162 | 40.801 | 42.711 |
| Решени предмети | 39.418 | 39.291 | 41.706 |

[10] Службен весник на РСМ бр.42/2020 година
[11] СУ-03-243/23 од 21.02.2023 година
[12] СУ-02-102/22 од 20.12.2022 година
[13] Годишни извештаи за работењето на Основен граѓански суд Скопје за период 2021-2023 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| Останати нерешени предмети на крај на година | 15.191 | 17.990 | 20.051 |
| Вкупно предмети за работа во годината | 54.609 | 57.281 | 61.757 |

Со анализа на податоците за период од 2021-2023, се утврди зголемување на бројот на нерешени судски предмети од претходна година, новопримени предмети, решени предмети како и останати нерешени предмети на крај на година.

На крајот на 2022 година Основен граѓански суд Скопје ја извршувал судската власт со 57 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот и еден судија времено упатен од Основен суд Крива Паланка, што е за 20 помал број на судии од утврдените 77 судиски места, вклучувајќи го и претседателот на судот. Во текот на 2022 година донесени се 9 (девет) Одлуки на Судскиот совет на Република Северна Македонија со кои се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Во 2023 година со одлуки на Судскиот совет избрани се 12 судии, од кои 4 се распоредени во Основен граѓански суд Скопје, со тоа во 2023 во Основен граѓански суд Скопје, судската функција ја извршувале вкупно 55 судии вклучувајќи го и претседателот на судот, и еден (1) судија времено упатен од Основен суд Крива Паланка. Во текот на 2023 година донесени се 5 (пет) Одлуки на Судскиот совет на Република Северна Македонија со кои се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

4.3. Согласно Законот за судска служба во судовите се воспоставува систем за управување со ефектот на судските службеници и судската полиција, кој се состои од: утврдување на работните цели и задачи, утврдување на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и постапката за оценување на ефектот на судските службеници и судската полиција. Со член 87 и член 124 од Законот за судска служба, предвидено е судските службеници и припадниците на судската полиција задолжително да се оценуваат еднаш годишно, со што би се обезбедило континуирано следење на работењето на судските службеници во текот на целата година и по потреба предлагање на мерки за подобрување.

Со Законот за судска служба предвидено е дека начинот на оценување на судскиот службеник, формата и содржината на образецот за оценување, како и формата и содржината на извештајот од оценувањето ги пропишува министерот за правда.

Од страна на министерот за правда овие обрасци се донесени во месец ноември 2020[14], но истите не се однесуваат и на судската полиција. До денес сеуште не е утврдена формата и содржината на образецот за оценување на судската полиција.

Имено, во ноември 2020 година министерот за правда има донесено Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас[15] и Правилник за начинот на спроведување на полугодишното интервју, формата и содржината на извештајот, начинот на оценување на судскиот службеник, формата и содржината на обрасците за оценување, формата и содржината на извештајот со ранг листа на годишни оценки, како и содржината на извештаите и начинот на оценување на судските службеници во други околности[16]. Со оглед на тоа што во Правилникот не е предвидено оценување на категорија А - судски администратор, иако Законот за судска служба го предвидува, оценувањето на судскиот администратор од страна на претседателот на судот не се спроведува.

4.4. Во актот за систематизацијата на Основниот граѓански суд Скопје во делот на судската полиција предвидени се 15 работни места, а пополнети се само 7. Поради недоволен број на вработени во судската полиција, односно непополнети места: командир, заменик командир и 6 лица судска полиција не постои можност од организирана работа во смени. Со увид во документацијата утврдивме дека се исплатени часови за прекувремена работа со што е надминат предвидениот максимум од 190 часа годишно, односно исплатени се 318 часа повеќе за прекувремена работа.

Наведената состојба не е во согласност со член 117 став 2 од Законот за работни односи каде прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени.

Со цел подобрување на работењето во делот на обезбедување на Основен граѓански суд Скопје ревизијата смета за неопходно преземање на активности за пополнување на работните места на судската полиција предвидени со актот за систематизација.

[14] Службен весник на РСМ бр.275/2020
[15] Службен весник на РСМ бр. 275/2020
[16] Службен весник на РСМ бр. 275/2020

## 5. Останати прашања

5.1. Согласно член 100 од Законот за судовите и член 2 од Законот за судска служба, судската служба ја сочинуваат судски службеници, лица вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судска полиција. Лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат Законот за вработени во јавниот сектор и општите прописи за работни односи предвидено со членот 3 став 2 од Законот за судска служба. Висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор согласно член 109 од Законот за судовите. Системот на плата и надоместоци на судските службеници е утврден со одредбите на Законот за судска служба. Согласно член 78 од новиот Закон за судска служба пропишано е дека платите на вработените кои вршат технички и помошни работи во судовите се во рамките на платите утврдени за административно - техничките судски службеници во зависност од степенот на образованието, работното место на кое се распоредени согласно актот за систематизација и работното искуство, без притоа да се уреди начинот на утврдување на платите на оваа категорија вработени лица.

Отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените кои вршат технички и помошни работи во судовите предизвикува разноликост во пресметувањето и висината на платите на оваа категорија вработени.

Во Основниот граѓански суд Скопје платата за оваа категорија на вработени е регулирана во склучените договори за вработување, за соодветното работно место.

За надминување на утврдената состојба Судскиот буџетски совет во соработка со надлежното министерство потребно е да преземе активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти и утврдување на критериуми за пресметка на платата на лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи.

5.2. Со одредбите на член 108 од Законот за судовите[17] е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен како „Судска власт“. Постапката за изготвување, утврдување и извршување на судскиот буџет е уредена со одредбите на Законот за судскиот буџет[18]. Согласно Законот за судскиот буџет, делот на средствата за „Судска власт“ во Буџетот на Република Северна

[17] Службен весник на РМ бр. 58/06, 62/06, 35/08,150/10 и 39/12
[18] Службен весник на РМ бр. 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10

Македонија, се утврдува на износ најмалку 0,8% од бруто домашниот производ и во случај на ребаланс на Буџетот, утврдениот износ не може да се намалува. Во 2023 година буџетот на „Судска власт“ е утврден во износ 2.690.800 илјади денари, што претставува околу 0,3% од бруто домашниот производ и претставува значително помал од законски утврдениот лимит.

Исто така, во член 4 од Законот за судскиот буџет е уредено дека во случај на ребаланс на буџетот не може да се намалуваат средствата наменети за финансирање на Судската власт, но со Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите од декември 2023 година, извршено е намалување на одобрениот буџет за Судска власт за износ од 89.906 илјади денари.

Со извршените ревизии во претходни години, како и во тековната година утврдивме дека ваквата законска одредба во континуитет не се исполнува, односно средствата кои се издвојуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за финансирање на Судската власт не го достигнуваат законски утврдениот процент. Со тоа се создава ризик од непречено стабилно и долгорочно финансирање на судската власт, обезбедување на уставната и законски предвидената независност и самостојност на истата, како и забавување на планираните реформи во судската власт.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 18.03 до 31.05.2024 година, кај Основен граѓански суд Скопје од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година (претходно извршена ревизија) при што е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфат на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Основен граѓански суд Скопје, застапувано од:

- Илир Сулејмани, претседател на Основен граѓански суд Скопје во период од 29.04.2015 до 08.11.2023 година
- Бесник Авдија, претседател на Основен граѓански суд Скопје од 09.11.2023 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се

резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Основен граѓански суд Скопје, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 10. Недостатоци во внатрешната контрола

10.1 При оценка на системот на внатрешни контроли, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, ревизијата ги утврди следните состојби:

- не е донесена процедура за движење и систем за следење и контрола на сметководствената документација, односно влезна и излезна документација, упатство за материјално финансиско работење, во кои се пропишани процесите, активностите и контролите на прием, проверка и исплата на фактурите, евидентирање на налозите и движење на друга сметководствена документација.
- не се јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на сметководствената документација. Во процесот на пресметката на плата и водење на персоналната евиденција, едно лице - благајникот е задолжен за евиденција и внесување на промени во модулот за персоналната евиденција и истото лице извршува и пресметката на плати, контрола на платите и нивното евидентирање во деловните книги;
- не се назначени лица за ex -ante и ex-post контрола.

Горенаведените состојби се резултат на непополнетост на работните места во Одделението за материјално финансиско работење, согласно Правилникот за систематизација на работните места. Од предвидени 8 работни места, пополнети се само 2 места - благајник. Работното место Раководител на одделение за материјално финансиско работење не е пополнето од месец април 2022 година. Причина за непополнетост на истото е измената и дополнувањето на Законот[19] за судска служба од 31.10.2018 година кој предвидува услов за ниво Б4 - раководител на одделение со најмалку 4 години работно искуство во струката по положен правосуден испит, што не соодветствува на условот предвиден во истиот закон пред неговата измена - 4 години работно искуство во струката.
Укажуваме дека во член 10 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола се уредени условите кои треба да ги исполни раководителот на единицата за финансиски прашања, меѓу кои и работно искуство од најмалку 3 години во областа на финансиите.
Утврдените состојби не се во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со што создаваат ризик за следење и контрола на сметководствената документација како и потврдување на комплетноста и веродостојноста на истата.

### Препорака

Одговорното лице на Основниот граѓански суд Скопје да преземе активности за:

- изготвување на процедура за движење и контрола на сметководствената документација и примена на истата;
- да се воспостави систем на внатрешни контроли на сите нивоа на работење и да се обезбеди разграничување на должностите и

[19]Закон за измена и дополнување на Законот за судска служба –Сл.весник на РСМ рб. 198/18 31.10.2018 година

– пополнување на работно место раководител на Одделението за материјално финансиско работење согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, а иницирање измена на Законот за судска служба.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива Нацрт извештајот беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Основен граѓански суд Скопје, одржан на ден 12.06.2024 година за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на одговорното лице на Основен граѓански суд Скопје не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.28-118/8 од 18.07.2024 година за сметката на основен буџет (603).

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 година | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образложение | 2023 | 2022 |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 243.749 | 218.639 |
| **Вкупно приходи** | | **243.749** | **218.639** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 210.898 | 186.331 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 24.758 | 23.599 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 1.947 | 4.895 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **237.603** | **214.825** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 6.146 | 3.814 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **6.146** | **3.814** |
| **Вкупно расходи** | | **243.749** | **218.639** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жение | 2023 | 2022 |
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 22.319 | 19.199 |
| Залихи | 4.1.2. | 1.358 | 1.500 |
| **Вкупно тековни средства** | | **23.677** | **20.705** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 321.347 | 321.244 |
| **Вкупно постојани средства** | | **321.347** | **321.244** |
| **Вкупна актива** | | **345.024** | **341.949** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 2.003 | 3.763 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 340 | 250 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 33 | 27 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 19.943 | 15.165 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **22.319** | **19.205** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 322.705 | 322.744 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **322.705** | **322.744** |
| **Вкупна пасива** | | **345.024** | **341.949** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2023 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2023 година | 321.244 | 1.500 | 322.744 |
| **Зголемување по основ на:** | **5.993** | **2.434** | **8.427** |
| Набавка на постојани средства | 5.993 | - | 5.993 |
| Набавка на потрошен материјал | - | 2.434 | 2.434 |
| **Намалување по основ на:** | **5.889** | **2.576** | **8.466** |
| Амортизација | 5.889 | - | 5.889 |
| Потрошени материјали | - | 2.576 | 2.576 |
| Состојба 31.12.2023 година | 321.347 | 1.358 | 322.705 |